СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ

,,МАВРОВО-РОСТУШЕ,,-РОСТУШЕ

e-mail:sou.mavrovorostuse@gmail.com

# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А

## за периодот од 2022-2024 година

**____Ноември___, 2024 година**

# ВОВЕД ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО

## 1.Вовед во самоевалуацијата на училиштето

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на системско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапките на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

**-Колку е добро нашето училиште?**

**-Како го знаеме тоа?**

**-Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговороите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

**1.1 Цели на самоевалуацијата:**

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.

- Ефикасно и ефективно раководење на Директорот на училиштето.

- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно – образовниот систем.

- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.

- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вредување на квалитетот на воспитно – образовниот процес во училиштето.

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен во повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање едиствени критериуми.

**1.2 Процес на самоевалуација**

| |
|---|
| Формирање тим за самоевалуација |
| Примена на соодветни индикатори, методи и инструменти |
| Собирање податоци за состојбата на училиштето |
| Аланиза на состојбата |
| Извештај од самоевалуација |
| Изработка на програма за развој |

## 1.3 Формирање на тим за самоевалуација

| **1.Наставни планови и програми** | **2.Постигнување на учениците** |
|---|---|
| - Медат Арслани – професор по Географија<br>- Медиха Скендероска – професор по Музичка уметност<br>- Бенадем Требишки – професор по Ликовна уметност | - Данијела Бецекоска – професор по Македонски јазик и литература<br>- Емсел Шабани – професор по Информатика<br>- Виолета Костоска – професор по Математика |
| **3.Учење и настава** | **4.Поддршка на учениците** |
| - Драгана Велјаноска – професор по Англиски јазик<br>- Сулејман Хоџа – професор по Историја<br>- Енес Муратоски – професор по Спорт и спортски активности | - Емран Хоџа – професор по Социологија и Вовед во право<br>- Емир Беќири – професор по Економски предмети<br>- Кемил Исметовиќ – професор по Германски јазик |
| **5.Училишна клима и односи во училиштето** | **6.Ресурси** |
| - Харис Беќири – Педагог<br>- Реџеп Деари – професор по Физика и Хемија<br>- Билјана Дејаноска – професор по Македонски јазик и литература | - Алмина Имери – професор по Филозофија<br>- Емилија Гаврилоска – професор по Биологија<br>- Самет Абдули – професор по Матекатика |
| **7.Управување, раководење и креирање политика** | **КОМИСИЈА за самоевалуација** |
| - Исмет Абдули – Директор на СОУ „Маврово – Ростуше„<br>- Авмет Салиу – секретар<br>- Јасмина Нанковска – Психолог | - Исмет Абдули – претседател<br>- Харис Беќири – член<br>- Кемил Исметовиќ – член<br>- Сулејман Хоџа – член<br>- Јасмина Нанковска – член |

## 2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники, и инструменти на самоевалуацијата

### 2.1. Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

| ТЕХНИКИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТИ<br>ПРАШАЛНИЦИ |
| СКАЛИРАЊЕ | СКАЛИ, ГРАФИЧКИ<br>(ДЕСКРИПТИВНИ И НУМЕРИЧКИ) |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, ДНЕВНИК ЗА РАБОТА, ИЗВЕШТАИ, ЗАПИСНИЦИ И СЛ. | ЧЕК ЛИСТИ |

### 2.2 Нивоа на постигања

**Нивоата на постигања** содржат јасни и прецизни описи на постигањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вредување**. Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН ( Државен просветен испекторат ) во Скопје, вреднувањето на оствареното се врши на четири нивоа: многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува.

**Ниво 4/ многу добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал дел слаби страни, меѓутоа тие значително влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави значајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри практики што му се нудат за понатамошно подобрување.

**Ниво 3/ добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание врз искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

**Ниво 2/ делумно задоволува** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалура со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да превземе структурини и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

**Ниво 1/ не задоволува** – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случа, наставата е оценета како незадоволителна и е потребно дополителна поддрша од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од подорбување како и потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

## 2.3 Резултати од самоевалуацијата на училиштето во 2020

| Подрачје на вреднување | Ниво на постигања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Добро |
| Постигнување на учениците | многу добро |
| Учење и настава | Добро |
| Поддршка на учениците | Добро |
| Училишна клима и односи во училиштето | Добро |
| Ресурси | Добро |
| Управување, раководење и креирање политика | многу добро |

*Севкупното работење на училиштето се оценува како добро.

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на план според кој беше формиран училишен тим, избор на подрачја на вредување, активности во текот на процесот и по завршување на самоевалуацијата, внатрешни и надворешни учесници, време на реализавија, користени инструменти и техники, чување, заштита и располагање со податоци користени во самоевалуацијата, обработка и анализа на добиените податоци, пишување извештај и изготвување Развоен план на училиштето.

Во текот на самоевалуцаијата работните групи остварија повеќе работни средби со претставниците од Наставничкиот совет, Училишниот одбор, Стручните активи, како и со фокус групи на ученици и родители.

Добиените резултати произлегуваат од изворите на податоци, инструменти, техники и методи кои се користени во самиот процес.

## **Подрачје 1 - Наставни планови и програми** - 2022-24 г.

| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применување наставни планови и програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Избор на наставни предмети.<br>• Реализација на програми и нивно проширување; |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието;<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности; |

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

| *Извори на податоци* | *Кои информации се собрани* |
|---|---|
| - Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН<br>- Годишни – тематски планирања на наставниците<br>- Нормативни акти на училиштето<br>- Педагошка евиденција и документација<br>- Записници од родителски совети на училиштето<br>- Записници од родителски средби<br>- Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>- Годишна програма на училиштето<br>- Стручни упатства и насоки за операционализација на наставнитепланови и програми<br>- Покани за учество на семинари<br>- Извештаи од анкетирани родители на ученици<br>- Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>- Дневници на паралелките | Наставните планови и програми кои се реализираат во училиштето се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат според пропишаниот број на часови.<br><br>Наставниците секоја година изготвуваат годишни и тематски планирања и ги доставуваат до педагошката служба најдоцна до 15 Септември. 90% од НПП се напишани во електронска форма, но се дадени само во пишана. Истите секое време им се достапни на наставниците за секој наставен предмет се користат во секојдневното работење.<br><br>Наставниците на почетокот на учебнатаа година односно на првиот наставен час ги запознаваат учениците со содржиуната, целите и задачите на наставната програма по соодветниот предмет, а пак училиштето користи повеќе начини да ги информира членовите на Советот на родители и останатите родители како и сите заинтересирани за НПП.<br><br>Наставните планови и програми најчесто се реализираат во целост, но околу 2% од предвиденоиот наставен материјал останува нереализиран поради празници и екскурзии кои наставниците најчесто не ги земаат во предвид при изработка на НПП.<br><br>Наставата се одржува редовно освен за време на државни и верски празници, кои се евидентираат во е - дневникот. |

| | |
|---|---|
| - Записници од работата на секции<br>- Анкета со директор<br>- Анкета со педагог и психолог<br>- Подготовка за натпревари<br>- Програма со системска промена добиена од БРО во согласност со МОН<br>- Брошури | Советот на родители и Училишниот одбор немаат влијание врз измената и дополнувањето на наставните планови и програми.<br><br>Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план. Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување ( изјава ) за секој ученик.<br><br>Училиштето е отворено за промени и реализира проекти кои го прават училиштето поефикасно и современо. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Во училиштето задолжително се организира додатната и дополнителната настава за ученици кои имаат потреба од тоа.<br><br>Набавени се и електронски смарт – табли ( 6 ) како и 2 телевизори за осовременување на наставата и со тоа училиштето нуди посовремена, поефикасна и поквалитетна настава во 21 век со постигање максимален развој и едукација на учениците. |

| 1.2 Квалитет на наставните планови и програми | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - Стручни Активи<br><br>- Нормативни акти на училиштето<br><br>- Разговор со наставници – родители<br><br>-З аписници од активи на наставници<br><br>- Записници од наставнички совет<br><br>- Интревју со директор<br><br>-Анкети со наставници, родители и ученици<br><br>- Програма со системска промена добиена од БРО, во согласност со МОН<br><br>- Брошури<br><br>- Веб портал | Родовата и етничката рамноправност е потенцирана во наставните програми и тоа во најголем дел при реализација на Животните Вештини кои задолжително се одвиваат на секој класен час.<br><br>Во НПП не се интегрирани карактеристики на локалната средина, напредок и просперитет на поширокaта околина.<br><br>Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација. Од страна на БРО и МОН, се организирани семинари за едукација на наставниците.<br><br>Со анализата на годишните и тематски планирања се увидува дека наставниците прават одредени отстапки при реализирањето на некои наставни содржини. Како причина се јавува немањето на кабинети, застареност на учебници и недоволно корстење на ИКТ во наставата.<br><br>Во училиштето делумно функционираат стручните активи и истите не ги презентираат записниците на наставнички совет. Наставниците воочуваат пропусти во НПП и за истите дискутираат на ниво на стучните активи и Наставничкиот совет. |

| **1.3. Вонnаставни активности** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| •Разговор со директорот<br>•Разговор со ученици, наставници и родители<br>•Педагошка евиденција и документација<br>•Програма за дополнителна и додатна настава и СУА<br>•Пофалници<br>•Годишна програма за работа<br>•Благодарници<br>•Анкета<br>•Web портал<br>•Разговор со стручна служба | Училиштето планира и реализира воннаставни активности со Годишната програма и истите се одраз на интересите и потребите на учениците.<br><br>Тоа најмногу се однесува на организирани приредби обично на локално ниво, државни и регионални натпревари и екскурзии.<br><br>Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставните активности во зависност од нивните желби и можности притоа не делејќи ги учениците според полот и според социоеконосми статус.<br><br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвување на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.<br><br>Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и учениците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво. Со добивање пофалби, признанија и дипломи за учество, се мотивираат и други ученици за постигнување подобри резултати. |

| ***Извори на податоци- прашалници*** | ***Кои информации се собрани - анализа*** |
|---|---|
| Прашалник за родители | Со **Прашалникот за родители** беа опфатени **_20_** родители.<br><br>- На прашањето: „*Дали сте запознаени со наставната план програма која ја следи Вашето дете во училиште*“ – 6**0 % одговориле да, 30% делумно и 10% одговориле со не.**<br><br>- На прашањето: „*Каде се информирате за НПП*“ – **70% – во училиштето, 20% одговориле од своите деца и 10% одговориле дека не се информирани**<br><br>- На прашањето: „*Дали вашето дете има посетувано дополнителна настава или додатна настава*“ **– 70% одговориле со да, 20% со делумно и 5% одговориле со не**.<br><br>- На тврдењето: *„ Мојот удел како родител во реализирањето на НПП во училиштето е“* **- 50% одговориле дека немаат удел а 50% делумно.**<br><br>- На прашањето: „ *Дали од страна на училиштето сте посочени во врска со пронаоѓањето на поопширност на НПП*“ **–50% одговориле со не, а 50% делумно.**<br><br>- На тврдењето: „ *Моето дете често присуствува на часови по проектни активности*“ **– 75% одговориле со да, а 15% одговориле со делумно.**<br><br>- На прашањето: „ *Дали Ви се допаѓаат НПП*“ – **70 % одговориле со да, 20% одговориле со не и 10% одговориле со Делумно.**<br><br>Од анкетата пак со поедни родители може да се заклучи дека родителите се задоволни од организацијата на училиштето, опременоста со нагледни средства и применувањето на НПП на наставниците во наставниот процес. |

| | |
|---|---|
| Прашалник за наставници | Со **Прашалникот за наставници** беа анкетирани 10 наставници<br><br>-100% од наставниците имаат изготвено НПП и истите се изготвени според стандардите на МОН и БРО, и 100% од НПП се доставени до педагошката служба на училиштето во електронска форма<br><br>- 80% од наставниците кои се класни раководители ги реализираат НПП по животни вештини на класните часови.<br><br>-40 % од наставниците одговориле дека не се членови на стручни активи, додека пак 60% одговориле дека се членови на стручни активи, а пак во однос на свикувањето на состаноци 50 % од наставниците одговориле дека се свикуваат на состаноци на стручните активи и на истите дискутираат во врска со дополнувањето и потребното изменување на НПП.<br><br>-кај 50 % од наставниците има целосна застапеност на еко стандардите во НПП , меѓутоа има и 50 % делумна реализираност на истите.<br><br>-кај 50% од наставниците има делумно отстапување од НПП, а пак кај 50 % од наставниците нема отстапување од НПП. Како причина за отстапувањето од НПП најмногу се посочени немањето кабинети и нагледни средства кај поедини предмети. |
| | Со **прашалникот за ученици** беа анкетирани вкупно 20 ученици<br><br>На прашањето *„Дали ти како ученик си запознат со тематските и годишните планирања на наставниците* “ **– 90% од учениците со да, а 10% ученици одговориле со не.** |

| | |
|---|---|
| Прашалник за ученици | На прашањето *„Кога се презентирани НПП “* **– 100% одговориле На почеток на учебната година.**<br><br>На тврдењето *„Јас учествувам во избор на воннаставни активности“* **– 50% од учениците одговориле со да , 10% од учениците одговориле со не а 40% ученици одговориле делумно.**<br><br>На прашањето *„Дали наставниците користат нагледни средстав во наставниот процес“* **– 60% од учениците одговориле со да , 10% од учениците одговориле со не а 30% ученици одговориле делумно.**<br><br>На прашањето *„ Дали на часовите се применуваат аудио визуелни средства*“ **- 50% од учениците одговориле со да , 20% од учениците одговориле со не а 30% или 6 ученици одговориле делумно.**<br><br>На тврењето *„ Дали наставниците користат компјутер во наставата "*- **60% од учениците одговориле со да , 20% од учениците одговориле со не а 20% од учениците одговориле делумно.**<br><br>На тврењето *„Учествувам во училишни приредби*" – **35% од учениците одговориле со да а 65% од учениците одговориле со Не.**<br><br>Од анкета со други ученици може да се заклучи дека учениците се задоволни од наставните планови и програми, користењето на нагледните средства во наставата како и користењето на компјутерската техника во наставата. |
| Прашалник за<br><br>Директорот | На директорот му беше даден прашалник во врска со НПП и се добиени следните одговори.<br><br>-Дали е формиран Совет на родители? **Директорот одговори дека е формиран Совет на родители.** |

| | |
|---|---|
| | -Дали во училиштето има деца со посебни образовни потреби? **Училиштето има еден ученик со посебни образовни потреби и за него се прават посебни планирања односно се изготвува Индивидуален образовен план.**<br>-Дали училиштето е отворено за промени и реализација на проекти кои би воделе кон поефикасна настава? **Да во секое време.**<br>-Дали локалната средина влијание врз НПП во училиштето? **Да.**<br>-Дали училиштето поседува компјутерска опрема, интернет, учебници за сите ученици, нагледни средства по поедини предметите, фотокопир, LCD проектор и телевизор. **Да**<br>-Во подготовка е и WEB страна на училиштето. **Да** |
| Прашалник за педагогот и психологот | Стручната служба ги даде следните одговори на дедениот прашалник во врска со подрачјето НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ:<br><br>Дали сите наставници имаат доставено НПП по предметите кои ги предаваат? **Да сите наставници имаат доставено НПП** .<br><br>Дали во училиштето има деца со посебни потреби и дали за нив се изготвуваат посебни програми? **Училиштето има еден ученик со ПОП со наод и мислење и со него се работи по посебен ИОП по сите предмети.**<br><br>Дали на учениците им се познати изборните предмети и истите се упатени кон избор на истите? **Делумно**.<br><br>Дали во училиштето функционираат стручните активи? **Делумно.**<br><br>Дали училиштето има изготвено рекламна брошура? **Да.**<br><br>Дали учениците земаат учество на натпревари? **Да.** |

| **ЈАКИ И СЛАБИ СТРАНИ** | |
|---|---|
| ***Клучни јаки страни*** | ***Клучни слаби страни*** |
| -Транспарентост во работењето за сите заинтересирани субјекти;<br><br>- Примена на НПП во согласност со МОН и БРО;<br><br>- Информираност на родителите за НПП;<br><br>- Поддржаност на учениците при учество на натпревари; | - Невклученост на наставниците во изготвување на НПП од страна на БРО;<br><br>- Преобемност на одредени наставни содржини со возраста на ученикот;<br><br>- Немање на кабенетска настава;<br><br>- Немање кабинети во училиштето;<br><br>- Невклученост на родителите при измена и дополнување на НПП;<br><br>- Несоодветен наставен кадар по одделни предмети;<br><br>- Недоволна интегрираност на локалната средина по наставни предмети;<br><br>- Недоволна ангажираност на стручните активи и нивната работа;<br><br>- Недоволна обученост на професорите за работа со деца со посебни образовни потреби;<br><br>- Недостиг на дополнителна стручна литература. |

| ИДНИ АКТИВНОСТИ |
|---|
| **- Оспособување кабинети по природни науки;**<br>**- Отварање на библиотека;**<br>**- Организирање обука на наставници во интерес на осовременување на НПП;**<br>**- Организирање и учество во проекти за промовирање на локалната средина.**<br>**- Зголемување на фондот на стручна литература**<br>**- Зголемување на ангажманот на стручните активи во работата на училиштето.** |

Работна група:

1.Медат Арслани – професор по Географија

2.Медиха Скендероска – професор по Музичка Уметност

3.Бенадем Требишки – професор по Ликовна Уметност

## Подрачје 2 -Постигнување на учениците - 2022-24

| 2.1 Постигања на учениците | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - Дневник на паралелките<br>- Евидентни листови за успех и поведение<br>- Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br>- Записници од стручни активи<br>- Извештај за работа на училиштето<br>- Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>- Интервју со директор, психолог, педагог<br>- Програма за додатна и дополнителна настава | -Училиштето успешно ги следеше постигањата на учениците за учебните години 2022/2023 –та година и 2023/2024 година.<br>-Наставата се изведува на македонски наставен јазик.<br><br>-Постигнатиот успех на учениците од I - IV-та годна се евидентира со оцени.<br><br>***2022 / 2023 год.**<br><br>-Средниот успех во прва година е **3,79**.<br>-Средниот успех во втора година е **3,45**. .<br>-Средниот успех во трета година е **3,26**.<br>-Средниот успех во четврта година е **3,96**.<br>-Средниот успех на ниво на училиште за учебната година **2022 / 2023** е **3,61 ( Мн. Добар )** .<br><br>***2023 / 2024 год.**<br><br>-Средниот успех во прва година е **3,73**.<br>-Средниот успех во втора година е **3,95**.<br>-Средниот успех во трета година е **3,46**.<br>-Средниот успех во четврта година е **3.05.**<br><br>-Средниот успех на ниво на училиште за учебната 2021 / 2022 година е **3,55 ( Многу добар )** . |

| | |
|---|---|
| | За постигнувањата на учениците родителите се информираат на родителски средби, преку евидентни листови за успехот и поведението на учениците.<br><br>Училиштето исто така го дава и својот придонес за формирање на продуктивна личност. За подобрување на успехот на учениците училиштето организира дополнитена и додатна настава, како и подготовки за учество на ученички натпревари.<br><br>За зголемување на успехот на учениците и постигнување на поголем успех наставниците во наставата применуваат современи наставни методи и форми на работа со цел постигнување подобар успех на учениците. Формативното следење и оценување на учениците придонесува за поголема објективност и транспарентност во оценувањето на учениците.<br><br>Исто така со уписот на учениците во прва година се забележуваат учениците кај кои се појавуваат пречки во развојот, но и учениците кај кои се забележуваат надарени способности.<br><br>Педагогот и психологот на училиштето ги запознаваат наставниците со двете групи на ученици со цел да се применат методи кои овозможуваат нивно прилагодување или нивно напредување во следењто на наставниот процес. Исто така доколку има потреба се бара мислење од соодветни стручни лица и институции со кои се дискутира за согледаните промени при надминувањето на појавените потешкотии. |

| **2.2 Задржување/осипување на учениците** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Податоци и извештаи од психолошко / педагошката служба<br>• Податоци од класни раководители и дневници<br>• Извештај за работа на училитето<br>• Списоци на деца од реонот на училиштето<br>• Интервју со директорот и стручната служба | - Со цел учениците од соседните реони да бидат максимално опфатени при уписот на учениците во прва година се преземаат различни активности (посети на основните училишта и изработка на презентации и рекламни брошури) .<br>- Училиштето исто така презема конкретни активности со кои се следат изостаноците на учениците и се анализираат причините за отсуство од наставата. За подобрување на редовноста на учениците се реализираат советувања со родителите како и соработка помеѓу стручната служба, класните раководители, учениците и родителите.<br>- Има појава на Осипување на ученици.Тоа се однесува на ученици кои се иселуваат во странство. Доколку се случи преминување на ученици од едно во друго училиште, училиштето води сметка за уредно водење на педагошката евиденција и документација. |

| **2.3. Повторување на учениците** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од наставнички совет<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | - Во нашето училиште во изминативе две учебни години ниеден ученик нема изгубено година. |

| **Податоци собрани преку други методи:** | |
|---|---|
| **Користени методи за собирање податоци** | **Собрани информации** |
| Анкета со ученици | 1. На прашањето “Дали сте задоволни од начинот на оценување од вашите предметни наставници?” 46% од анкетираните ученици на првото прашање одговориле со да а само 20%од учениците одговориле со делумно,Со не,не одговорил ниеден ученик.<br><br>2. На прашањето “Дали во вашето училиште се одржува дополнителна/додатна настава?”. На второто прашање со да одговориле 6%од анкетираните ученици,со делумно 53% а со не 6%од анкетираните ученици.<br><br>3. На прашањето “Дали вашите наставници ве поттикнуваат за учество на различни натпревари?”- На третото прашање со делумно одговориле 46,6%а со да 20%од анкетираните ученици..<br><br>4. На прашањето “Дали во вашето училиште се применуваат различни активни форми и методи на работа?” -На четвртото прашање со да одговориле 26,6% од анкетираните ученици а со делумно 40%.<br><br>5. На прашањето “Дали наставниците ве запознаваат со материјалот за кој ќе бидете оценувани?”- Во однос на петото прашање 100 % од анкетираните ученици одговориле потврдно<br><br>6. На прашањето “Што оценуваат вашите наставници” одговориле “Стекнатите знаења” “Процесот на учење и активноста на час”- На шестото прашање под а) одговор дале 60 %од анкетираните ученици а под в) 6,6% од учениците.<br><br>7. На прашањето “Дали сте задоволни од постигнатиот успех?- Во однос на осмото прашање 60% од учениците одговориле со да а само 6,66 % од учениците со не. |

| | |
|---|---|
| Анкета со 10 опфатени родители | 1. На прашањето “Дали сте задоволни од постигнатиот успех на Вашето дете?” -На анкетата за родители на првото прашање со да одговориле 100% од анкетираните родители.<br><br>2. На прашањето “Дали сте информирани за напредокот, редовноста и поведението на Вашето дете од страна на училиштето?”- На второто прашање со да одговориле 80 % а со делумно20% од родителите.<br><br>3. На прашањето “Дали сте задоволни од начинот на кој се изведува наставата во училиштето на Вашето дете?- На третото прашање 50% од родителите одговориле со да,40% со делумно и 10% од учениците со не.<br><br>4. На прашањето “Дали сте задоволни од начинот на кој се оценува Вашето дете?- На четвртото прашање 40% од родителите одговориле со да,50 % со делумно и 10% со не<br><br>5. На прашањето “Дали редовно сте информирани за постигнувањата и промените кај Вашето дете од страна на училишната служба?” Во однос на петото прашање 70 % од родителите одговориле со да, 10 % со не и 20%со делумно.<br><br>6. На прашањето “Дали сте информирани дека Вашето дете посетува доплнителна или додатна настава? И 90%од родителите одговориле со да и 10 % со не. |
| **Анализа на резултатите** | |
| 46% од анкетираните ученици на првото прашање одговориле со да а само 20%од учениците одговориле со делумно, Со не, не одговорил ниеден ученик. На второто прашање со да одговориле 6% од анкетираните ученици, со делумно 53% а со не 6% од анкетираните ученици. На третото прашање со делумно одговориле 46,6% а со да 20% од анкетираните ученици. На четвртото прашање со да одговориле 26,6% од анкетираните ученици а со делумно 40%. Во однос на петото прашање и шестото прашање 100 % од анкетираните ученици одговориле потврдно. На седмото прашање под а) одговор дале 60 % од анкетираните ученици а под в) 6,6% од учениците. Во однос на осмото прашање 60% од учениците одговориле со да а само 6,66 % од учениците со не. На анкетата за родители на првото прашање со да одговориле 100% од анкетираните родители. На второто прашање со да одговориле 80 % а со делумно 20% од родителите. На третото прашање 50% од родителите одговориле со да, 40% со делумно и 10% од учениците со не. На четвртото прашање 40% од родителите одговориле со да, 50% со делумно и 10% со не. Во однос на петото прашање 70 % од родителите одговориле со да, 10 % со не и 20% со делумно. И 90% од родителите одговориле со да и 10 % со не. | |

**Клучни јаки страни**

**- -Има добра клима за работа и се остварува добра соработка меѓу наставниците и стручната служба.**

**-Учеството на обуки, семинари, проекти и дисеминација придонесува за континуирано унапредување на наставниот кадар.**

**-Училиштето вложува во постојано осовременување на просторните и техничките услови за работа.**

**-Нема ученици кои ја повторуваат годината.**

**Слабости**

**- Учениците како и наставниците најчесто се ограничени со време поради организираниот превоз и тоа на голема територија.**

**- Кај учениците се забележува слаба мотивираност за стекнување нови знаења.**

**- Се забележува слаба заинтересираност на родителите за поголема соработка со стручната служба и наставниот кадар.**

| **Идни активности** |
| --- |
| 1.Во наредниот период училиштето има за цел да обезбеди средства за мотивирање, наградување на ученици и наставници за постигнатите резултати.<br><br>2. Мотивирање на родителите на учениците за поголема соработка со училиштето во однос на следењата на постигањата. |

**Работна група:**

1.Данијела Бецекоса – професор по Македонски јазик и литература
2.Емсел Шабани – професор по Информатика
3.Виолета Костоска – професор по Математика

## **Подрачје 3 - Учење и настава** - 2022 – 24

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **3.1** | Планирање на наставниците | - Индивидуални планирања на наставниците<br>- Подршка и следење на планирањата на наставниците<br>- Размена на искуства и информации при планирањето<br>- Распоред на часови |
| **3.2** | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3** | Искуства на учениците од учење | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |

| | | |
|---|---|---|
| **3.5** | Оценувањето како дел од наставата | • Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **3.1. Планирање на наставниците** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| •Годишни, тематски планирања и дневна подготовка;<br>•Разговор со директор, педагог, наставници;<br>•Записници од состаноците на стручните активи; | **Индивидуалните планирања што наставниците** ги изработуваат за реализација на наставните планови и програми се: годишен глобален план, тематско-процесно планирање и оперативен план за наставен час, план за додатна и дополнителна настава, планирање за икт, инклузивно образование, еко содржини во наставата.<br><br>Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања како по редовните предмети така и по изборните, слободните ученички активности, дополнителната и додатната настава. На почетокот од секоја учебна година за реализација на наставниот план и програма наставниците изработуваат Годишни и тематско-процесни планирања (делумно изработени во електронска форма) и ги доставуваат до стручната служба која пак ги проверува и ги доставува до |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на директор, педагог,психолог<br><br>• Инструменти за следење на планирањата на наставниците | директорот на училиштето, додека во текот на годината наставниците изработуваат оперативни планови за час во пишана (сите) и во електронска форма.<br><br>Најмалку два пати годишно се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба која редовно ги прегледува Годишните програми и оперативните планови за час, укажува на грешките и дава советодавна дава помош.<br><br>**Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br><br>Училиштето за поефикасно планирање на наставата на наставниците им дава морална и материјална подршка и тоа:<br><br>- обезбедува Наставни планови и програми кои им се достапни на наставниците во секое време<br><br>- обезбедува стручна литература, дидактички средства, надгледни средства<br><br>- организира едукација на наставниците.<br><br>Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. |

| | |
|---|---|
| | **Размената на искуства и идеи помеѓу наставниците** во врска со планирањето на часовите се остварува преку:<br><br>- секојдневни неформални разговори и дискусии во колективот<br>- разговор со колеги од истородни предмети од други училишта<br>- применување на советите и укажувањата на стручната служба, директорот, советниците и инспекторите.<br><br>Голем дел од размената на искуства во однос на планирањата се однесуваат на вметнување повеќе промени и на сметка на тоа намалување на формалностите<br><br>Наставниците делумно планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и др.<br><br>**Распоредот на часови** го прави комисија од училиштето во консултација со директорот и наставниците, почитувајќи ги пред сè интересите и потребите на учениците како и на наставниците, бидејќи има наставници кои работат во повеќе училишта. |

| **3.2. Наставен процес** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>• Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;<br>• Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br>• Увид на час;<br>• Годишни, тематски, дневни планирања;<br>• Годишна програма за работа на директор, педагог, психолог ;<br>• Интервјуа со наставници и ученици;<br>• Сертификација на наставници;<br>• Прашалник за наставници<br>• Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители | **Наставни форми и методи**<br><br>Дел од наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење, додека другиот дел се несоодветни и не разграничуваат помеѓу наставни методи и форми на наставна работа. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација.<br><br>Наставниците ги планираат задачите и активностите кои треба да се реализираат во училиштето или како домашна работа, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература. Исто така, повеќето наставници користат ИКТ во наставата. Учениците се запознаени со целите на учењето.<br><br>**Избор на задачи и активности**.<br><br>Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, а се со цел да се подобри учењето и да се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Како најзастапени активности што ги применуваат наставниците се: изработување на домашни задачи, проекти, презентации, есеи. При изборот и подготовката на задачите и активностите наставниците користат различни ресурси, при што не се ограничуваат исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература. |

| | |
|---|---|
| | **Интеракција меѓу наставниците и учениците и Приод на наставникот кон учениците**<br><br>Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори и сл.). Во зависност од наставниот материјал и типот на час учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалната положба и етничката и религиска припадност.<br><br>**Следење на наставниот процес**<br><br>Во текот на учебната година најмалку двапати се врши увид на час од страна на стучната служба и директорот кај сите наставници, а потоа се вршат консултации со секој наставник се со цел да се подобри наставата ( за таа цел, стручната служба има изготвено формулар, кој што се чува во стручна служба и една копија се става до досието на наставникот ) . Училиштето ја оценува и следи работата на наставниците и тоа преку:<br>- посета на часови<br>- анализа на успех по класови и предмети<br>- учество на семинари и натпревари<br>- учество во проекти |

<table>
<tr><th colspan="2">3.3 Искуства на учениците од учењето</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>
<ul>
<li>Прашалник за ученици</li>
<li>Прашалник за родители</li>
<li>Прашалник за наставници</li>
<li>Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците</li>
<li>Кодекс за однесување</li>
</ul>
</td><td>
Средина за учење и Атмосфера за учење
Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и со охрабрувања од страна на наставниците се повеќе се мотивираат што поголем број ученици да земаат активна улога во самиот час. Во наставата се користат Нагледни средства , презентации, наставни листови, видеа, квизови, како и работа на учениците во групи.
<u>Поголем дел сметаат дека хигиената треба да биде на повисоко ниво, особено во тоалетите.</u>
Поттикнување на учениците за преземање одговорност и Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето
Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои никаква родова поделеност во училиштето. Трудовите на учениците се изложуваат во училниците и во ходниците на места предвидени за таа намена.
Учениците исто така вредно работат и на проекти како во самата настава така и надвор од неа.
</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="2">3.4 Задоволување на потребите на учениците</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td><ul><li>Прашалник за ученици</li><li>Прашалник за родители</li><li>Прашалник за наставници</li><li>Разговор со ученичката заедница, наставниците</li><li>Увид во евиденцијата на стручната служба</li><li>Дневници за одделенска и предметна настава</li><li>Годишна програма за работа на директор, психолог и педагог</li><li>Годишен извештај за работата на училиштето</li></ul></td><td>Идентификување на образовните потреби на учениците и почитување на различните потреби на учениците во наставата<br><br>Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби на учениците, а пречките во процесот на учење на секој ученик се идентификуваат систематски.<br><br>Се превземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките.<br><br>Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активност на час, интересот на одредени ученици во одредени области и сл. Според нивните потреби тие може да посетуваат дополнителна настава (за послабите ученици ) и додатна настава.<br><br>Во изминатите четири учебни години скоро сите наставници поминаа различни обуки за унапредување на образовниот процес и со тоа го продолжија своето стручно усовршување во функција на подобро исполнување на образовните потреби на учениците. За учениците кои имаат потешкотии во учењето истата по одделни предмети е индивидуализирана според нивните можности и способности. Секој наставник има изработено програма за инклузивно образование и се работи со учениците по одредени насоки и активности за постигнување на поставените јасни и одредени цели.<br>- Образовните потреби на учениците се идентификуваат и преку можноста тие да изберат:<br>- пакет од изборни предмети;<br>- проектни активности ;<br>- предмети за државна матура или училишна матура.</td></tr>
</table>

| **3.5 Оценувањето како дел од наставата** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Програма за работа на училиштето;<br>• Стандарди за оценување;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Прашалници за ученици и наставници;<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците. | **Методи и форми на оценување**<br><br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и поголем дел од родителите се запознати како со стандардите за оценување така и со критериумите за оценување. Сите наставници посетуваа обука за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување.<br><br>Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување ( чек листи, самоевалуациони листи и др.) при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. (формативно и сумативно) Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.<br><br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.<br><br>**Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br><br>Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и даваат општи и индивидуални совети за подобрување на успехот. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето<br><br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. |

| **3.6 Известување за напредокот на учениците** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Анкети со родители;<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Писмени извештаи;<br>• Евидентни листови. | **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br><br>Информирањето на родителите за напредокот на секое дете се врши преку утврден систем за известување. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Редовните родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред , и на нив родителите се запознаваат со општиот успех на учениците , дисциплината и однесувањето на учениците како и информации на родителите во врска со тековни прашања. По интерес на родителите може и да се разгледа поединечниот успех на учениците. Родителите добиваат евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба.<br><br>Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, педагогот, психологот, директорот, или по иницијатива на самиот родител.<br><br>Исто така сите наставници водат и електронска Електронската евиденција на постигањата на учениците (електронски дневник). |

| Извори на податоци | АНАЛИЗА – кои податоци се собрани |
|---|---|
| Прашалник за родители | Со прашалникот беа опфатени 15 родители избрани по случаен избор<br>– На прашањето: „*Дали класниот раководител редовно ве информира за успехот на вашето дете*“ – 67 % од родителите одговориле потврдно а 33 % делумно се задоволни.<br>– На тврдењето: „*Задоволен сум од односот на наставниците кон учениците во училиштето*“ – 60 % од родителите одговориле потврдно, а 40 % од анкетираните родители одговориле дека се делумно задоволни.<br>– На прашањето: „*Дали редовно се интересираат за успехот на своите деца*“ – 87 % од родителите одговориле потврдно,а 13 % делумно се задоволни.<br>– На прашањето: „*Дали им се допаѓа средината во која учат нивните деца*“ – 67 % од родителите одговориле потврдно, а 33 % делумно,<br>– На тврдењето: „*Задоволен сум од другарството што владее меѓу учениците*“ – 40 % од родителите одговориле потврдно,а 60% делумно се задоволни.<br>– Со тврдењето: „*Задоволен сум од наставните програми по кои се учи по сите предмети*“ 47 % од родителите се согласиле, а 53 % делумно се согласиле,<br>– На прашањето: „*Дали се запознаени со фактот дека во училиштетосе држи додатна и дополнителна настава*“ 47% од родителите одговориле потврдно, а 13% заокружиле ''Делумно',а воопшто на се задоволни 40%.'<br>– Од анкетата пак со поедни родители може да се заклучи дека родителите се задоволни од организацијата на училиштето, од наставниот кадар и од атмосферата и меѓусебното другарување меѓу учениците. |

| Извори на податоци | АНАЛИЗА – кои податоци се собрани |
|---|---|
| Прашалник за наставници | Со прашалникот беа опфатени 15 наставници.<br>– 93 % од наставниците потврдиле дека редовно водат евиденција за успехот и редовноста на учениците, а7 % делумно гоправат тоа,<br>– 53 % од наставниците потврдиле дека во секоја прилика ги информираат родителите за успехот и редовноста на нивните деца , а 27 % делумно го прават тоа, а за одговорот не се изјасниле 20%<br>– 100 % од наставниците потврдиле дека го водат е – дневникот,<br>– 97 % од наставниците потврдиле дека се трудат оценувањето да биде реално без никаква дискриминација, а само 7% делумно го прават тоа.<br>– 100 % од наставниците потврдиле дека редовно до педагошката служба доставуваат годишна план програма и секаква потребна документација,<br>– 87 % од наставниците потврдно одговориле дека користат различни форми и методи на работа, а 13 % делумно,<br>– 53 % од наставниците одржуваат дополнителна настава, а 40 % делумно го прават тоа, за со не се изјасниле само 7%<br>– 60 % од наставниците одржуваат додатна настава, а 40 % делумно го прават тоа.<br>– 67 % од наставниците изготвуваат дневни подготовки во електронска форма, 27 % делумно подготвуваат, а 6 % не изработуваат. |

| Извори на податоци | АНАЛИЗА – кои податоци се собрани |
|---|---|
| Прашалник за ученици | Со прашалникот беа опфатени 15 ученици избрани по случаен избор<br>– 100 % од учениците се согласуваат дека на нив се гледа подеднакво и не се прави никаква поделба според: пол, етничка и религиозна припадност или социјална положба,<br>– 53 % од учениците се согласуваат со тврдењето: ,,Предавањата на наставниците се интересни и динамични и ние активно сме вклучени - учествуваме во реализација на часот,, а 47 % делумно се согласуваат,<br>– 67 % од учениците се согласуваат со тврдењето ,,Ми се допаѓаат просторните услови во училиштето,, 33% делумно се согласуваат .<br>– 73 % од учениците се согласуваат со тврдењето: ,,Наставниците користат нагледни средства ( LCD проектор, ИКТ, хамери, смарт-табли ... ) во текот на предавањата,, а 27 % делумно се согласуваат,<br>– 47 % од учениците се согласуваат со тврдењето: ,,Хигиената во училиштето е на високо ниво,,, 53 % делумно се согласуваат со истото,<br>– 33 % од учениците се изјасниле дека се согласуваат и активно учествуваат во проекти во наставата и вон настава, а 67 % делумно,<br>– 53 % од учениците се согласуваат со тврдењето: ,,Наставниците секогаш не оценуваат реално и праведно, 40 % делумно се согласуваат а 7 % не се согласуваат,<br>– 53 % од учениците се согласуваат со тврдењето: ,,Ние ( учениците ) учествуваме во изборот на содржините кои ги изучуваме,, 33 % делумно,а 14 % не се согласуваат,<br>– 80 % од учениците се согласуваат со тврдењето: ,,Наставниците не мотивираат преку пофалби, разговори и сл.,20 % делумно се согласуваат. |

| ЈАКИ И СЛАБИ СТРАНИ | |
|---|---|
| ***Клучни јаки страни*** | ***Клучни слаби страни*** |
| - Транспарентност во работењето за сите заинтересирани субјекти,<br>- Реално, праведно и јавно оценување,<br>- Користење на голем број нагледни средства,<br>- Поддржаност на учениците при учество на натпревари,<br>- Користење на различни форми и методи во наставата. | - Преобемност на одредени наставни содржини со возраста на ученикот,<br>- Изработка на оперативни планови за час во електронска форма од страна на сите наставници.<br>- Немање кабинетска настава,<br>- Учество на учениците во изборот на содржините кои се изучуваат и поголема вклученост во наставата и вон наставата.<br>- Хигиената во училиштето, особено во WC – ата. |

| ИДНИ АКТИВНОСТИ |
|---|
| - Поголема соработка на ниво на училишни активи и вклучување на наставниците во повеќе семинари и проекти се со цел за подобрување на наставата<br>- Вклучување на учениците повеќе во наставните и вонваставните активности,<br>- Подобрување на хигиената во училиштето. |

Работна група :

1.Драгана Велјаноска – професор по Англиски јазик
2.Сулејман Хоџа – професор по Историја
3.Енес Муратоски – професор по Спорт и спортски активности

## **Подрачје 4 - Поддршка на учениците** - 2022 – 24

| **бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|---|
| **4.1.** | Севкупна грижа | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2.** | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **4.3.** | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| **4.4.** | Следење на напредувањето | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| **4.1 Севкупна грижа за учениците** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Интервју со секретарот на училиштето<br>• Интервју со директорот<br>• Годишен извештај на училиштето<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Распоред за дежурства на наставниците<br>• Кодекс на однесување на наставниците и учениците<br>• Правилник за заштита и спасување од елементарни непогоди<br>• Годишна програма за работа на педагогот и психологот<br>• Закон за основно образование<br>• Евидентни листови за работа со ученици и родители,<br>• Одд. дневник, записници од одделенски заедници | • **4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br><br>Училишниот простор , објектот во кои се изведува наставата ги исполнува стандардите и е безбеден за изведување на истата. Училишниот двор е ограден со висока ограда и е одделен од надворешната средина. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот и тн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. На влезот во училишниот двор и во училишната зграда, постои видеонадзор. Со системот за видеонадзор покриен е најголем дел од површините во внатрешноста на училиштето. Со тоа значително се подобрува грижата за учениците во смисла на безбедноста и сигурноста. За заштита на учениците и вработените при евентуална природна катастрофа или несреќен случај, училиштето има план за евакуација и програма за заштита и спасување од елементарни непогоди. Редовно се вршат симулации за евакуација од училиштето како и во соработка со противпожарната станица од Дебар предавања за заштита од пожар и вежби за евакуација. Исто така во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисират, во ходниците на училиштето и во секоја училница поставени се панични светла. Дежурните наставници се грижат за одржување на дисциплината, редот и безбедноста на учениците за време на одморите, при што под дежурен професорски надзор се сите спратови (нов дел и стар дел) во училиштето. |

| | |
|---|---|
| • Дневник за работа на педагогот и директорот<br><br>• Програма од Образование за животни вештини<br><br>• Увид во просториите на училиштето и училишниот двор<br><br>• Извештај од работењето на еко-одборот<br><br>• Анкета со родители и ученици | • **4.1.2 Превенција од насилство**<br>Во училиштето има пишан документ за облиците на однесување на учениците и наставниот кадар - Кодекс на однесување и Куќниот ред на училиштето кои се истакнати на соодветно место. Во училиштето нема појави на физичко малтретирање доколку би имало таква појава, училиштето во соработка со учениците родителите и други релевнтни институции успешно би се справило. Класните раководители и стручната служба имаат план за работа со содржини на взаемно почитување и рамноправност на половите како и содржини за ненасилна комуникација и медијација и истите ги реализираат за време на класниот час и по часовите во вид на работилници, обуки и предавања. Стручната служба има изработено Програма за превенција од насилство, како и пишан документ за политика на ненасилство, исто така редовно одржува работилници на теми: заштита од насилство, трговија со деца, булинг, толеранција, емпатија, конструктивно разрешување на конфликти.<br><br>• **4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>За заштита на учениците од пушење, алкохол и дрога, училиштето го применува Законот за пушење, односно забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци, што е опфатено и во Кодексот на однесување на учениците и вработените и во Статутот на училиштето и Стручната служба има изготвено протокол при сомневање за користерње и поседување наркотични средства. На класните часови, се дикутираат содржини од оваа област и се истакнува штетното влијание на овие пороци врз здравјето на младите а се организираат предавања и трибини стручни лица, со цел да се укаже на штетноста и последиците од |

| | |
|---|---|
| | консумирање на истите. Стручната служба редовно реализира предавања и работилници на теми за штетното влијание на алкохол, цигари и психоактивни супстанци<br><br>• **4.1.4 Квалитет на достапна храна**<br>Училиштето нема организирано исхрана за учениците и вработените, истите се хранат од блиските угостителски и трговски објекти на сопствен трошок. Училиштето нема пропишани процедури за увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците надвор од училиштето и нема преземено активности за увид во истата<br><br>• **4.1.5 Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>Во училиштето нема ученици со телесни пречки во развојот. Педагошката служба има изработено програми за работа со ученици со посебни образовни потреби. Во истата се содржани : слепи и слабовидни, глуви и наглуви, лица со телесна инвалидност, лица со потешкотии во учење , ученици со аутизам, и лица со комбинирана попреченост, програма за ученици со емоционали потешкотии. Во училиштето делимично има обезбедено услови за нивно движење. Пристапот во училишните простории не е приспособен во целост за учениците со телесни потешкотии. Нема лифт и посебен тоалет. На влезот на училиштето има пристапна рампа.<br><br>• **4.1.6 Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br>Во однос на грижа за учениците од социјално загрозените семејства, училиштето е приклучено на програмата УПН (Условен паричен надоместок) организирана од страна на Министерството за труд и Социјална политика и редовно се внесуваат учениците во програмата која овозможува паричен надомест во 4 квартали доколку ученикот ги исполнува условите (90%редовност во настава). Исто така почнувајќи од 2023 година од страна на МОН беше објавена Финансиска помош на учениците. По потреба во училиштето се организираат и хуманитарни акции. |

| **4.2 Здравје** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај<br>• Одделенски дневници<br>• Фотографии<br>• Програма за работа со деца со емоционални потешкотии<br>• Програма за грижа за здравјето<br>• Програма за Ментално здравје | Хигиената во училиштето се одржува делумно редовно и одговорно. Постојано се укажува на учениците за правилно користење и одржување на лична хигиена најчесто од страна на класните раководители за време на класните часови.<br><br>Во Годишната програмата се планирани и содржини од подрачјето Грижа за здравјето на учениците со превенција од заразни болести, често миење раце, проветрување на просториите, одделен простор на клупи со ученици. Стручната служба има изготвено Програма за грижа за здравјето на учениците.<br><br>**Хигиената во училишниот објект е на делумно задоволително ниво. За одржување на истата се ангажирани двајца хигиеничари. Санитарните простории, ходниците, скалите и училниците се чистат два пати во денот. Училишниот двор е најчесто чист и уреден. Во дворот и во сите училишни простории има корпи за отпадоци. Оваа година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција при што училиштето презема мерки и постапува по препораките и насоките во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Училиштето има договорени процедури за грижа на учениците кои подолго време изостануваат од наставата. Таквите процедури се спроведуваат со соработка на средба со класен раководител и стручна служба и средба со родителот и директор. Во училиштето се вршат систематски прегледи на ученици и вработените.**<br>Во училиштето има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Проблемите од таков вид кај децата се откриваат при уписот и преку разговор со нив или со нивните родители од страна на класните раководители и стручната служба. Службата на училиштето разговара со нив и по потреба ги упатува до релевантни медицински установи.<br>Стручната служба има изработено и континуирано спроведува активности и работилници по следниве Програми: Програма за грижа за здравјето на учениците, Програма за емоционални потешкотии и Програма за Ментално здравје. |

| 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Годишна програма за работа на педагогот и психологот<br><br>• Анкети за родители и ученици<br>• Програма за професионална ориентација | **4.3.1Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**<br><br>Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Училиштето има посебна програма за професионална ориентација на учениците. Во рамките на програмата предвидено е училиштето да организира активности за професионалната ориентација на учениците од завршните години преку советодавни разговори со учениците, спроведување тестови на способност и интереси на личност, соработка со високообразовни институции. Училиштето е отворено за организирани презентации од државните и приватните универзитети, учениците добиваат информации за условите за упис, конкурсот за запишување. |

| **4.4 Следење на напредокот** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Одделенски дневник.<br>• Годишен и полугодишен извештај на училиштето<br>• Записници од состаноците на стручните активи<br>• Записници од наставничките и одделенските совети | • **4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), за напредокот, редовноста и поведението на учениците како и за нивниот развој. За напредокот на учениците се дискутира и на Наставничкиот совет, кој по потреба предлага и презема мерки за подобрување на поведението на учениците. За учениците кои имаат негативни оценки по три или повеќе предмети или нередовно ја посетуваат наставата во текот на годината, раководителите на паралелките ги поканувваат родителите кои имаат законска обврска да дојдат на советување. Во евидентирањето на успехот на учениците како и на нивниот напредок, редовност и поведение учествуваат сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во училиштето. Училиштето има изготвено Интерен правилник за изрекување на педагошки мерки. За учениците кои покажуваат особен интерес и успех стручната служба има изработена програма за аработа со надарени ученици, со истите се работи додатната настава и се оди на натпревари, каде покажуваат одлични резултати.<br><br>**4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br><br>Класните раководители на крајот на секој класификационен период поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целиот клас и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| **Прашалник за наставниците** | ___20_ наставници се анкетирани на одредени прашања: | 75%од наставниците сметаат дека училиштето се грижи доволно за оценување на емоционалните,социјалните и физичките потреби на учениците.<br><br>25%од наставниците сметаат дека училиштето делумно се грижи заправилно оценување на емоционалните,социјалните и физичките потреби на учениците.<br><br>80% од наставниците резултатите од Извештајот за успехот и поведението ги користат за подобрување на успехот и поведението.<br><br>80% од наставниците ги применуваат сите наведени наставни форми и методи во процесот на наставата,со цел на учениците да им се олесни процесот на наставата.<br><br>90%од наставниците индивидуално ги информираат учениците за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба.<br><br>90% од наставниците ги информираат учениците на одделенски час за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба.<br><br>80% од наставниците им помагаат на учениците во изборот на нивното идно образование низ редовната настава,одделенски час,низ слободни ученички активности, индивидуални совети и низ анкети. |

| | | |
|---|---|---|
| **Прашалник за ученици** | **Членови на работниот тим** ( анкета на __20_ ученици од различни години I,II, III и IV ) | 55% од учениците се задоволни од односот на наставниците кон нив, 35% од учениците се делумно задоволни од односот на наставниците кон нив.<br><br>55% од учениците сметаат дека наставниците ги поттикнуваат во извршувањето на своите задачи , 35% сметаат дека наставниците делумно, ги поттикнуваат во извршувањето на своите задачи.<br><br>60%од учениците сметаат дека наставниците користат различни наставни методи и материјали кои го зголемуваат успехот на учениците, 30% од учениците сметаат дека наставниците делумно користат различни наставни методи и материјали кои го зголемуваат успехот на учениците, додека 10%од учениците сметаат дека наставниците не користат различни наставни методи и материјали кои го зголемуваат успехот на учениците.<br><br>63%од учениците се чувствуваат безбедно во училиштето.<br><br>40%од учениците кога имаат проблем се обраќаат кај класниот раководител, 20% се обраќаат за помош кај училишниот педагог, а 40% се обраќаат кај својот родител.<br><br>80% од учениците се задоволни од соработката со педагошко-психолошката служба, 10% се делумно задоволни, додека 10 % се незадоволни.<br><br>90% - сите учници се задоволни од соработката со своите класи раководители како и за нивната професионална ориентација.<br><br>60% од учениците сметаат дека се третираат правично и со почит,а 15% од учениците сметаат дека не се третираат правично и со почит<br><br>30% од учениците планираат да го продолжат своето образование, 20% од нив не планираат да го продолжат своето образование.<br><br>80% од учениците се задоволни од условите, 10% делумно се задволни додека пак, 10% не се задоволни од условите во училиштето.<br>40% одговориле дека се користи ИКТ во наставата, 50% одоговорија дека користат ИКТ само по некои предмети додека само 10% одговориле дека воопшто не се користи ИКТ методот во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| **Прашалник за родители** | **Членови на работниот тим ( __20__ анкетирани родители)** | 70% од анкетираните родители сметаат дека добро се информирани како децата напредуваа во училиштето додека 30% сметаат дека делумно се информирани за напредокот на нивното дете.<br><br>40% од родителите мислат дека училиштето води грижа за социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој на учениците.<br><br>60% од родителите сметаат дека се слободни за некој проблем да се обратат кај училишниот педагог.<br><br>50% од родителите сметаат дека наставниците ги поттикнуваат децата да созреваат и да бидат самостојни, додека 50% делумно се задоволни од начинот на потикнување на учениците од страна на наставниците.<br><br>60% од родителите сметаат дека наставниците ги почитуваат индивидуалните карактеристики на децата.<br><br>70% од анкетираните родители одговориле дека се задоволни од безбедноста на нивното дете за време на часовите како и нивна здраствена заштита.<br><br>40% од родителите самостојно го посетваат училиштето, 30% одговориле дека не го посетуваат додека 30% одоговориле дека ретко го посетуваат училиштето во кое нивното дете учи. |
| **Разговор со хигиеничар** | Зера Беќири | Од разгововорот дознавме дека хигеиничарката редовно ја следи состојбата на училишната зграда и инвертарот. Секојдневно се грижи за хигиената во зградата и санитарните јазли, хигиена на влезниот хол и скалилата-посебно во дождливи и снежни денови. Евентуалните неисправности ги отстранува или ги пријавува кај хаусмајсторот или администрацијата. Редовно ги следи залихите за хигиенски средства и прибор. Исто така, редовно се грижи за греењето во сите простори и ја следи состојбата на огревниот материјал. По нејзино кажување потребите од различни средства и прибор за работа се адекватно задоволени. Исто така се врши секојдневна дезинфекција на санитарните јазли и училишниот инвертар. Еднаш месечно се врши генерално чистење на училиштето ( прозори, врати) |

| | | |
|---|---|---|
| **Разговор со педагог и психолог** | Педагог Харис Беќири<br>Психолог Јасмина Нанкоска | Низ воспитно-образовниот процес континуирано се дава подршка на учениците со потешкотии, ученици со посебни потреби, како и талентирани ученици. Идентификацијата на овие ученици се врши во соработка со класните раководители и предметните наставници, врз основа на нивното постигнување во наставата. Исто така дијагностицирањето се врши преку следење на педагошка евиденција и документација, ученичко досие, посета на час, разговори со родителите и со самите ученици. Учениците исто така се запознаени со Куќниот ред и Кодексот на однесување кои треба да се почитуваат. Исто така во секоја училница Кодексот на однесување стои покрај училишната табла. На учениците кои доаѓаат од социјално загрозени семејства не им се доделува никаква социјална помош од самото училиште. Доколку има ученици со здравствени проблеми кои подолго отсуствуваат од училиштето се информира класниот раководител и директорот и се постапува според законот за средно образование . На учениците со емоционални потешкотии им се помага низ соодветна работа и прилагодување на наставната програма , за што е изготвена соодветна програма. За учениците со потешкотии во учењето училиштето има формирано инклузивен тим кој работи по посебна програма и на овие ученици им обезбедува индивидуална настава. Училиштето соработува со здравствениот дом Русе Бошкоски с.Ростуше за здравствена заштита но и за емоционално развивање на учениците. Исто така училиштето има изградено план и програма за превенција од насилство, програма за заштита од елементарни непогоди, програма за професионална ориентација, програма за советување на ученици и родители, програма за ментално здравје, програма за работа со деца со емоционални потешкотии, програма за грижа за здравјето. Учениците се информираат за штетното влијание на алкохолот, пушењето и дрогата преку организирани предавања и презентации од самото училиште и други институции. На талентираните ученици најчесто им се дава подршка преку додатна настава, професионална ориентација награди и пофалби. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | Отвореност на училиштето за соработка со родителите и со стручните служби и инститиуции од локалната заедница за подршка на учениците<br><br>Водењето на грижа за здравјето на учениците ( систематски прегледи работилиници од стручната служба, соработка со невладини организации, црвен крст, здравствен дом, МВР и др.<br><br>Континуирано информирање на родителите за успехот поведението и редовноста на учениците<br><br>Грижа и поддршка за учениците што покажуваат особен интерес во учењето<br><br>Вклучување во проекти обуки и натпревари на сите релевантни фактори во воспитно образовниот процес (ученици наставници) |
| СЛАБИ СТРАНИ | Нема доволно наставни средства и помагала за наставата по спорт и спортски активности<br><br>Делумно користење на икт програма за време на часовите<br><br>Недоволна самоиницијативност на родителите да се вклучат во образовниот процес на родителите |

| **Идни активности** |
|---|
| Да се подобрат слабите страни |

Работна група:
1.Емран Хоџа – Професор по Социологија и Вовед во право;
2.Емир Беќири – Професор по Економија, Бизнис и претприемништво и Менаџмент;
3.Кемил Исметовиќ – Професор по Германски јазик

## **Подрачје 5 - Училишна клима** 2022- 2024

| ***Број*** | ***Индикатор за квалитет*** | ***Теми*** |
|---|---|---|
| 5.1. | Училишна клима и односи во училиштето | - Углед/имиџ на училиштето<br>- Кодекс на однесување<br>- Училишна клима<br>- Поведение и дисциплина во училиштето<br>- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| 5.2. | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.3. | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот |

| | | |
|---|---|---|
| 5.4. | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | •Соработка на училиштето со родителите<br>•Соработка со локалната заедница<br>•Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| 5.1 Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - Годишен извештај на училиштето<br>- Годишна програма на училиштето<br>- Кодекс на однесување на наставниците и учениците<br>- Анкети на ученици, наставници и родители,<br>- Пофалби, награди, признанија | Нашето училиште во своето постоење од осамостојувањето па до денес ги задоволува условите за квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето во доволна мера се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар укажува добар респект кај родителите,додека учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. |

| | |
|---|---|
| Кодекс на училиштето | Со осамостујувањето во училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците, како и на останатите структури во училиштето како што се раководниот кадар, стручната служба, техничкиот персонал и родителите. Во неговата изработка учествуваа професорите учениците, психологот и педагогот и истиот  беше прифатен од странана Училишниот Одбор.<br>Постојат пишани процедури при прекршување на принципите на Кодексот за професорите и учениците. Кодексот на однесување на учениците им е достапен и во секоја училница со што секој ученик мора да го почитува. |
| Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини, Етика, Вовед во право,<br>анкети со ученици, наставници и родители | Во училиштето се води политика  на заемно почитување како меѓу професорите така и меѓу учениците и се одржува рамноправен третман кон сите други структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и во досегашната работа не се забележани конфликтни односи. Раководниот и наставниот кадар имаат важна улога во одржување и постигањето на добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Од страна на професорите редовно се укажува за рамноправноста во однос н аетничката, верската културната и јазичната разноликост и почитување на истата. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се и се чувствуваат прифатени од страна на професорите и другите структури во училиштето. |
| Годишен извештај на училиштето,<br>правилник за изрекување педагошки мерки,<br>анкетни листови за ученици и родители | Дисциплината на учениците во нашето училиште главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите но сепак истата зависи од наставните единици, квалитетот на класот, како и постоењето на поголем број ученици кои имаат слабо познавање на наставниот материјал. Дисциплината на учениците за време на одморите се одржува од странана дежурните наставници и истата е на задоволително ниво. Училиштето соодветно го применува Законот и правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите. Учениците се запознаени со правилата за изрекување на педагошки мерки од страна на класните раководители и педагошката служба во училиштето. |

| 5.2 Промовирање на постигањата | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишен извештај,<br>Одделенски дневници,<br>изложени трудови на учениците, медиумско промовирање на постигањата на учениците. | Нашето училиште става акцент и ги вреднува постигањата на сите ученици. Наставниот кадар се труди да ја организира средината за учење во рамките на дозволените просторни можности, со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците на секој начин од страна на професорите во училиштето се мотивирани за соодветни постигања на ниво на училиште и на национални оценувања. Наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето ги промовира постигањата на учениците во рамките на училиштето најчесто преку манифестација организирана по повод Патронен празник на училиштето и во поширокота локална средина задолжително на Денот на општината. Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонннаставните активности.Една од таквите активности на учениците е изработката на годишниот весник „Гимаро“ кој содржи текстови и разни содржини изготвени од самите ученици. |
| Годишен извештај<br>Одделенски дневници,<br>изложени трудови на ученици, медиумско промовирање на постигањата на учениците,<br>анкети со ученици и наставници<br>признанија, пофалници, дипломи | Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво.<br>Училиштето ги наградува и наставниците и учениците што постигнале успех преку пофалници и признанија. |

| 5.3 Еднаквост и правичност | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| Записници од родителски средби, годишни планирања по предметот: Животни вештини,<br>анкети за родители и ученици | Сите вработени во училиштето се запознаени и во целост ги почитуваат правата на децата.<br>Училиштето преку оделенските часови и класните раководители ги запознава редовно и ги поттикнува учениците да ги бранат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br>Училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на нивните деца на предвидените родителски средби. |
| Годишна програма за работа на училиштето, педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во вонннаставни активности, анкети за родители и ученици | Сите структури во училиштето подеднакво се однесуваат кон ситеученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и вонннаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои структури.<br>Односите меѓу учениците со различни способности и незначителни пречки во развојот се базираат на меѓусебно почитувањено. Има извесни ситуации во кои има некоректен однос кон учениците од пониски социјални структури или пак учениците со посебни потреби. За да може овие ученици да не се чувствуваат повлечени и несигурни, наставниците и педагошката структура обрнуваат поголемо внимание и работа со овие ученици. Учениците редовно се подготвуваат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст по предметотЖивотни вештини , од страна на класните раководители и останатите предметни наставници. |
| Годишен извештај за работата на училиштето, годишни планирања за предметот: Животни вештини, Етика и Вовед во право,анкети за родители, ученици и наставници | Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници , без оглед на која етничка група припаѓаат. Од страна на училиштето не се организирани заеднички наставни и вонннаставни активности наменети за културно-етнички мешани групи и не користи други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. |

| **5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен), Записници од Совет на родители и родителски средби, анкети со родители и наставници | Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Иако во училиштето постојат сите наведени структури сепак средбите на советот на родители се многу ретки и се сведуваат на минимални активности.Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на одржување на најмалку две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второто полугодие,а редовно се одржуваат и индивидуални родителски средби од страна на класните раководители вклучувајќи ја и педагошката служба на кои родителите воглавно се запознаваат со успехот ,поведението и дисциплината на нивните деца.Но сепак училиштето се соочува со слаба заинтересираност на родителите особено со оние чии деца покажуваат послаб успех и недисциплина во училиштето. |
| Статут на училиштето, Договори со деловна заедница, Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културната дејност, записници и одлуки од состаноци на Училишниот одбор | Училиштето е активно вклучено во активностите на локалната заедница прекус проведувања на заеднички проекти и организирања, учество на настани од интерес на заедницата преку манифестации за Денот на општината и проекти во областа на екологијата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во наведените активности на локалната заедница. Општината максимално се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. |
| Договори со деловна заедница, Документација за добиени спонзорства и донации | Училиштетово тековниот период послабо остварува соработка со деловнатазаедница Најчесто тоа учество се сведува на разни активности за заштита и подобрување на климата во околината .<br>Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво во реализирање на заеднички проекти и слично. Машките и женските ученици се еднакво вклучени и во спортските натпревари, во натпревари по одделни предмети, литературни конкурси, како на локално така и на републичко ниво.<br><br>Учеството на локалната заедница во подобрувањето на условите за работа што би придонеле подобрување на училишната клима е на задоволително ниво. |

| **Податоци собрани преку други методи: (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање податоци** | **Вклучени во собирање на овие информации** | **Собрани информации:** |
| Анкета со ученици Опфатени 20 ученик од I - IVгод.<br><br>Анкета со 8 предметни наставници, директор и педагог, психолог<br><br>Анкета со 20 родители | | 1. 70% од наставниците и 80% од родителите одговорија дека им се допаѓа соработката на училиштето со родителите<br><br>2. 65% од анкетираните ученици, 80% од наставниците и 90% од родителите сметаат дека училиштето има добра соработка со локалната средина.<br><br>3.80% од наставниците сметаат дека еден од клучните фактори за подобрување на успехот и дисциплината на децата е да се зголеми контролата на родителите врз нивните деца и поголемата соработка и нивното вклучување во образовниот процес во училиштето.<br><br>4.80% од наставниците сметаат дека училишната клима е на доброниво.<br><br>5.80%од наставнииците сметаат дека секогаш постои взаемно почитување меѓу наставниицте и учениците и дека тоа зависи во голема мерка од учениците.<br>60% од учениците сметаат дека се третирани правично и со почит ,додека мал дел од нив сметааат дека тоа зависи од професорот.<br><br>6. Подобрувањето на соработката со родителите според 40% од родителите ќе се оствари преку почеста посетеност на родителските средби и организирање на отворени денови од страна на училиштето. 60% сметаат дека е потребна поголема активност и вклученост на Совет на родители во разрешување актуелни проблеми, исто толку сметаат дека може да влијае вклученоста на родители во реализација на содржини според својата стручност и во набавка или изработка на нагледни средства. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 7.80% од анкетираните родители сметаат дека може да влијаат на промени во училиштето преку Совет на родители, исто толку за да се подобри успехот одговорија дека треба со заеднички напори родителите и наставниците да влијаат на подобрување на дисциплина и поголем интерес за следење на наставата.<br><br>8. 75% Од учениците сметаат дека недоволно се вклучени во проблемите и донесувањето на одлуките во училиштето.<br><br>Заклучок:<br>Иако учениците, наставниците и родителите одговориле дека им се допаѓа нивната меѓусебна соработка, дел од нив сакаат да се подобри истата со поголема редовност и посетеност на закажаните средби, да се зголеми родителската контрола врз учениците и активноста на Советот на родители.<br><br>9.40% од анкетираните ученици, се задоволни од учеството на училиштето во регионалните и државните натпревари, но дека исто така треба да се организираат и училишни натпревари.<br><br>10. На 65% од анкетираните ученици, 81% од наставниците 40% од родителите се изјасниле дека не се задоволни од изведување на јавните манифестации во кое е вклучено училиштето т.е. дека истите би требало да бидат повеќе застапени.<br><br>Заклучок:<br>Учениците, наставниците и родителите делумно искажуваат позитивно мислење за организирањето, учеството и постигањата на ученичките натпревари иманифестации. |

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Нашето училиште во своето постоење од осамостојувањето па до денес,од направената анализа може да се заклучи дека работата во училиште се одвива во добра училишна клима и работна атмосфера. Училиштето ги задоволува условите за квалитетна работа што може да се види во напредокот во постигањата на учениците по одделни предмети. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите,додека учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со осамостојувањето во Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени |

принципите и правилата за однесување на учениците и наставниците како и на останатите структури во училиштето како што се раководниот кадар, стручната служба, техничкиот персонал и родителите. Во неговата изработка учествуваа професорите, учениците, психологот и педагогот и истиот беше прифатен од страна на Училишниот одбор. Изработени се пишани мерки и процедури по кои би се дејствувало доколку дојде до прекршување на истиот. Во училиштето се води политика на взаемно почитување како меѓу професорите така и меѓу учениците и се одржува рамноправен третман кон сите други структури што учествуваат во училишниот живот. Од страна на професорите редовно се укажува за рамноправноста во однос на етничката, верската културната и јазичната разноликост и почитување на истата.Сите структури во училиштето ги почитуваат правата на децата, се воспитуваат учениците да се самопочитуваат и да ги почитуваат другите, да им помагаат на оние кои имаат потреба од тоа. Речиси сите ученици се чуствуваат прифатени од страна на професорите и другите структури во училиштето. Во покажаната анализа мал дел од учениците и од професорите сметаат дека таа зависи пооделно и дека исто така да се поработи на неа.
Дисциплината на учениците во нашето училиште главно задоволува. Постои работна дисциплина, која воглавно зависи од наставните единици, квалитетот на класот (поради постоење на поголем број ученици кои имаат слабо познавање на наставниот материјал и кои искажуваат слаба заинтересираност) како и од самите предметни професори. Дисциплината на учениците за време на одморите се одржува од страна на дежурните наставници и истата е на задоволително ниво.
Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Изостанувањата најчесто се од оправдани причини, болест, лоши временски услови и сл. Има појава на бегање од часови од страна на некои ученици но тоа е многу ретко. Во минатата учебна година а и во оваа година на ваквите ученици им беа изречени соодветните педагошки мерки согласно Законот и правилникот за изрекување педагошки мерки, со кој учениците и нивните родители се запознаени од страна на класните раководители и педагошката служба во училиштето.
Постои Правилник за изрекување на педагошки мерки со кој се регулира поведението и изостанувањето на учениците и истиот функционира и се применува во целост од сите структури во училиштето. За решавање на проблемите со овие ученици потребно е во поголема мерка да се вклучат родителите на овие деца , кои исто така покажуваат послаби интересирања и активности во образовниот процес на нивните деца.
Нашето училиште става акцент и ги вреднува постигањата на сите ученици. Наставниот кадар се труди да ја организира средината за учење во рамките на просторните можности со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Личните трудови се истакнуваат, некои во училниците, а некои во другиот училишен простор, и на тој начин се поттикнува нивната креативност и творештво. Со пишани пофалнициии од страна на училиштето и усно се пофалуваат и наградуваат учениците кои постигнале солидни резултати на ученички натпревари од општинско, регионално или државно ниво. Училиштето има политика на потикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат во натпревари од локално, регионално и државно ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои структури. Односите меѓу учениците со различни способности и незначителни пречки во развојот се базираат на меѓусебно почитување. Постојат извесни ситуации во кои има некоректен однос кон учениците од пониските социјални структури и кон учениците со незначителни пречки во развојот. За да може овие ученици да не се чуствуваат повлечени и несигурни, од страна на наставниците и педагошката служба се посветува поголемо внимание и работа. Учениците редовно се подготвуваат како да ги

| |
|---|
| препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст по предметот Животнивештини, од страна на класните раководители и останатите предметни наставници. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата, но сепак од страна на училиштето не се организирани заеднички наставни и вонннаставни активности наменети за културно-етнички мешани групи и не користи други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.<br>Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Иако во училиштето постојат сите наведени структури сепак средбите на советот на родители се многу ретки и се сведуваат на минимални активности.<br>Постои добра соработка со родителите, но сепак потребно е истата да се зголеми. Има добар дел од родителите кои не го посетуваат училиштето дури и на закажаните родителски средби. Исто така и Советот на родители треба да покаже поголема активност и иницијатива во спроведувањето на одредени активности во кои може да даде свој придонес.<br>Училиштето во тековниот период послабо остварува соработка со деловнатазаедница. Најчесто тоа учество се сведува на разни активности за заштита и подобрување на климата во околината .<br>Локалната заедница незначително го помага училиштето во санирање на приоритетни градежни работи и други организациски планирања. Непостои соработка со деловни заедници при реализација на одредени содржини од наставната програма. Не се посетуваат институции, стопански организации или занаетчиски работилници во населеното место и во пошироката околина. |
| **Приоритетни подподрачја:**<br>- Донесување напишани мерки и процедури по кои би се дејствувало доколку дојде до прекршување на Кодексот за однесување на сите структури.<br>- Иницијатива до локалната заедница и советот на родители за зголемување на нивните активности за подобрување на училишната клима и постигнување на подобри резултати .<br>- Обезбедување средства за наградување и мотивирање на ученици и наставници за постигнати резултати<br>- Поттикнување поголема соработка со дел од родителите кои не гопосетуваат училиштето дури и на закажаните родителски средби. |

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Вработените и учениците заеднички допринесуваат за стекнатиот углед и имиџ на училиштето<br>- Има Етички кодекс за однесување на професорите и учениците, родители и други лица<br>- Се придржува на стандардите и критериумите за оценување на постигањата на учениците.<br>- Јавно се истакнуваат личните постигања на учениците и наставниците и постигањата на ниво на училиште и на ниво на локалната заедница што претставува поттик за понатамошно докажување.<br>- Се почитуваат правата и обврските на учениците независно од полот, социјално-економската положба и способностите на учениците. |
| **Слабости**<br>- Соработката со родителите е делумно добра.<br>- Средбите на советот на родители се многу ретки и се сведуваат на минимални активности. |

Работна група:

1.Харис Беќири – училишен педагог

2.Реџеп Деари – професор по Физика и Хемија

3.Билијана Дејаноска – професор по Македонски јазик и литература

## *Подрачје 6 - Ресурси*- 2022 – 2024

| **Оддели во рамките на подрачјето:** |
|---|
| **6.1. Сместување и просторни капацитети**<br><br>**6.2. Наставни материјали и средства**<br><br>**6.3. Персонал**<br><br>**6.4. Развој на персоналот**<br><br>**6.5. Финансиско работење на училиштето** |

| **Собирање на податоци, користени методи и документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишна програма**<br><br>**Пописни листи**<br><br>**Развоен план**<br><br>**Годишен извештај** | **6.1 Сместување и просторни капацитети**<br><br>Во однос на просторните услови со кои располага училиштето,<br><br>Училишниот објект, е нова училишна зграда со вкупна површина од 560m2 која ги исполнува сите материјално технички и хигиенски услови за изведување на настава.<br><br>Училиштето располага со 8 училници и сите се нови.<br><br>Две од училниците се во стариот дел и во 2018г. Една од нив беше опремена во кабинет по Англиски јазик, со можност за користење и по другите предмети во зависност од потребите. Другите училници се во новиот изграден дел и се во одлична состојба.<br><br>Училишна зграда ги задоволува просторните услови според нормативот и сите паралелки имаат своја училница.<br>За персоналот има канцеларии, и тоа канцеларии за професорите, за директорот, секретар, педагог, психолог и посебна просторија за техничкиот персонал.<br>Посебно има тоалети за учениците, тоалет за вработените кои се во добра сосотојба.<br>Училиштето не располага со училишен двор,но има игралиште кое редовно се одржува со што се овозможува успешна реализација на часовите по физичко образование во добри временски услови.<br>Моментално училиштето не располага со фискултурна сала со што е отежната наставата по Спорт и спортски активности во зима.<br>Библиотеката е во фаза на опремување.<br>Објектот ги задоволува сите материјално, просторни и технички услови, со што се смета дека условите за работа се многу добри и допринесуваат за современа и квалитетна настава и учење.<br>Училиштето располага со 4 ПП апарати кои редовно се сервисирани, но нема хидранти. |

| | |
|---|---|
| | Капацитетот на училиштето овозможува работа во една смена на македонски наставен јазик и се изведува по однапред подготвен распоред. |
| **Евиденција за стручна литература**<br><br>**Годишна програма** | **6.2 Наставни материјали и средства**<br><br>Опременоста со наставни средства и др. Технички помагала во училиштето во голем дел ги задоволува нормативите и критеиумите за извршување на воспитно - образовниот процес. Училиштето има просторија за библиотека, коа се наоѓа во непосредна близина на училишната зграда и е во фаза на опремување.<br>Книгите ги издаваат наставниците по македонски јазик кои евиденцијата ја водат во тетратка.<br>Книжниот фонд со кој располага училиштето е недоволен да ги покрие потребите на учениците. Потребно е обновување на книжниот фонд. Има мал бр.изданија На стручна литеретура, прирачници и лектирни изданија, поради тоа училиштето настојува да набави она што е неопходно и корисно за дополнителни содржини и сознанија по сите наставни предмети.<br>Исто така и состојбата со наставни средства и помагала континуирано се подобрува во зависност од средствата со кои располага училиштето. Се анкетираат професорите за потребните наставни средства, помагала, материјали и стручна литература, па потоа се врши набавка на најпотребните и неопходните.<br>Во училиштето има инсталирано интернет кој е достапен и за учениците и за вработените. Набавени се лап топ компјутери за потребите на наставниците ( за сите професори ) во реализација на ИКТ наставата како и 6 електонски табли.<br>Од технички средства училиштето располага со :<br><br>- 3 телевизори ( 1 за наставничка канцеларија и 2 во училници )<br><br>-1 фотокопир<br><br>-2 касетофони<br><br>-1 ЛЦД Проектор |

| | |
|---|---|
| | -1 скенер<br><br>-3 компјутери за административен кадар<br><br>Навреме се планира и набавува потрошен материјал за потребите на наставниот процес. (хартија, хамер, бои, тонер, пенкала, фломастери, стиропор и други материјали). |
| **Правилник за систематизација**<br><br>**Досие на вработени**<br><br>**Програма за работа на педагогот**<br><br>**Програма за работа на психологот**<br><br>**Извештај за реализација на програмата за работа на педагогот**<br><br>**Извештај за реализација на програмата за работа на психологот** | **6.3 Персонал**<br><br>Бројот на вработени во училиштето е 24 и одговара на потребите. Кадарот во училиштето е со соодветна стручна квалификација, различен по пол, етничка припадност и со различно работно искуство. Освен професорите во училиштето има директор, педагог, психолог, секретар, хаусмајстор и двајца хигиеничари. Сите вработени одговорно ги извршуваат своите работни задачи.<br>Распоредувањето на кадарот се врши пред почетокот на наставата според потребите и стручноста,квалитетите,искуството и оспособеноста на исполнување во наставата и расположливите кадри во Агенцијата за вработување.<br>Но одредени новини со воведување на изборни предмети или недостиг на кадар, понекогаш дополнително се дефинираат и има мал дел од наставниците кои не се соодветни за предметитие што ги предаваат. Целиот персонал е редовно присутен на работа според прописите, со мали исклучоци, ако за важни работи се побара слободен ден (правилник за работни односи) и ги извршува своите задолженија.<br>Од вкупно 17 професори четворица надополнуваат часови и во други училишта.<br>Во училиштето работат 3 професори кои не се со соодветно образование за предметите кои ги предаваат. ( вовед во право, физика и економските предмети, спорт и спортски актвности).<br>Има еде ученик со Наод и Мислење и за истиот Стручната служба има изработено програма за работа со ПОП , долгорочен план,<br>Стручната служба реализираше интерна обука на тема: Ученици со посебни образовни потреби и инклузија во училиштето.<br><br>Во училиштето има вработен педагог и психолог како стручни соработници кои се отворни за соработка со професорите, учениците и нивните родители. Работните задачи ги извршуваат |

| | |
|---|---|
| | според сопствениот План и Програма за работа. Учествуваат во планирањето и организирањето на наставата и вонnаставните активности, соработуваат со наставниците, директорот и родителите во разрешување на проблеми кај учениците, вршат советодавна работа и водат евиденција за реализирани активности, го следат напредокот на учениците и наставниот процес. Вршат испитувања, анкети, анализи, извештаи,работилници, работилнци за унапредување на менталното здравје учествуваат во изготвување на Годишната програма, Развоен план, Самоевалуација на училиштето, Полугодишен и Годишен Извештај. Учествуваат на семинари и обуки за професионален развој и слично.<br>Во рамките на годишната програма за работа на училиштето вклучена е програмата за работа на директорот, педагогот, психологот, улилишен одбор, совет на родители и стручните активи. |
| **Програма за професионален развој**<br><br>**Програма за менторство**<br><br>**Евиденција за учество на семинари и обуки** | **6.4 Развој на персоналот**<br><br>Училиштето ги почитува законските одредби за професионален развој на професорите и овозможува сите да учествуваат на организираните форми на стручно усовршување. Задолжително учествуваат на семинарите кои ги организира биро за развој и образование и имаат обуки во организација на проекти како и интерни обуки.<br>Сите наставници се обучени за користење и примена на ИКТ во наставата и примена на стандарди и критериуми во оценувањето.<br>Во училиштето се водат професионални досиеја на Наставниците.<br>Училиштето дава целосна поддршка на наставниците кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности преку учество на семинари и советувања, стручна литература, учество на разни обуки, поставување на места како претседатели на активи, дисеминации на обуки, учество на натпревари.<br>Училиштето им назначува ментор на професорите приправници, тие се следат преку посети на час од страна на директорот, педагогот и психологот. Постои инструктивна работа од страна на директорот и стручната служба, им се укажува на начинот на водење на педагошка евиденција и документација, се консултираат со останатите колеги и им се помага во работата и при подготовката на приправничкиот испит. |

| | |
|---|---|
| **Годишен финансиски план**<br><br>**Записници од училишен одбор**<br><br>**Евиденција на директор** | **6.5 Финансиско работење на училиштето**<br><br>Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.<br><br>Финансирањето на училиштето во однос на плати, испратнини за пензионирање го врши МОН преку Министерство за финансии, преку блок дотации и претходно одобрен финансиски план. Делот за материјални трошоци, комунални услуги и друго, финансирањето го врши локалната самоуправа преку претходно одобрен финансиски план. Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирачки активности, исто и преку годишен финански план одобрен од локалната самоуправа. По изготвувањето на годишната сметка и нејзиното доставување до сите потребни институции, контролата ја врши Управата за јавни приходи и Државна ревизија – Скопје.<br><br>Одговорен за законитоста во работењето и за материјално – финансиското работење на училиштето е директорот. Годишниот финансиски план и завршната сметка на предлог на Училишниот одбор ги усвојува Советот на општината.<br><br>Јавните набавки за училиштето се спроведуваат согласно законот за јавни набавки.<br><br>Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиската состојба и финасиските активности на училиштето и го следи трошењето на буџетот. Раководниот кадар соработува со училишниот одбор за одредување на приоритетни цели на училиштето.<br><br>Информациите за годишниот финансиски план и завршната сметка им се достапни на родителите, преку нивните представници во Училишниот одбор. |

| **Собирање на податоци - кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање податоци** | **Вклучени во собирање на овие информации** | **Собрани информации:** |
| Анкета со ученици:<br><br>Опфатени 50 учеинци од I-IV година, 17 женски, 13 машки<br><br>Анкета со 19 професори, 6 машки<br><br>13 женски, директор, педагог<br><br>Анкета со 30 родители<br><br>20 машки, 10 женски | - | 70% од анкетираните ученици, 54% од професорите, 77% од родителите сметаат дека расположивите капацитети во училиштето максимално се користат од сите учесници во воспитно- образовниот процес.<br><br>Едногласно 100% од анкетираните наставници се согласни дека училиштето располага со аудио - визуелна ТЕХНОЛОГИЈА (компјутери,електронски табла и др.) додека тој процент кај анкетираните ученици е 74% а кај родителите 82%.<br><br>Во однос на тврдењето дека во училиштето се применуваат нови интерактивни техники дека е така одговориле околу 55 % од анкетираните наставници, родители и ученици.<br><br>На следното твредење дека стручната служба помага на наставниците во наставниот процес од анкетираните се добиени високи проценти дека се согласуваат и тоа 58% од учениците, 88% од наставниците и 68% од родителите.<br><br>Дека набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на наставниците и учениците, од анкетираните согласни се 66% ученици, 87% наставници и 595 родители. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Над 90% од анкетираните наставници, ученици и родители сметаат дека на училиштето му е потребна библиотека.<br><br>Исто така над 88% од анкетираните наставници, родители и ученици сметаат просторните услови на училиштето се доволни за успешна реализација на наставата.<br><br>Дека немањето спортска ја отежнува наставата по Спорт се согласуваат 64% од анкетираните ученици, 69%наставници и 59% родители.<br><br>На тврдењето **- ,, При распределба на кадарот се зема во предвид квалитетите, искуството и стручноста на наставниците,,**одговор се согласувам дале 58% од анкетираните ученици, 94% од наставниците и 59% од родителите.<br>Дека стручната служба е отворена за соработка и пружање помош и поддршка согласни се 70% од анкетираните ученици, 94% од анкетираните наставници и 63% од родителите.<br>Дека училиштето добива донации од надворешни фактори запознати се 52% од анкетираните ученици, 69% од наставниците и 41% од родителите.<br>Дека училиштето нуди соодветна поддршка на новите вработени висок процент од анкетираните околу 90% наставници и ученици додека само 50% родители сметаат дека е така.<br>Во однос на финансисиот план на училиштето и дека средствата наменски се трошат се согласувам одговориле 60% од анкетираните ученици, 100% од наставниците и 45% родители.<br>Околу 75% од анкетираните наставници, родители и ученици се согласни дека училиштето се грижи за стручно усовршување на вработените.<br>Исто така околу 70%од анкетираните наставници, ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето совесно и одговорно работат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На последното тврдење<br>- Според ВАШЕТО мислење, во поглед на ресурсите со кои располага училиштето најголем недостаток е:<br>Најчести одговори од сите анкетирани се: библиотека, спортска сала, кабинети, повеќе нагледни средства, менза, униформи за учениците. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето работи во една смена.
- Оптимално и рационално користење на расположливите капацитети од страна на сите членови во училиштето.
- Целосна поддршка на професорите од страна на директорот кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности.
- Добро спроведено, наменско и контролирано финансиско работење.
- Пружање соодветна помош од страна на Стручната служба и отвореност за соработка.

**Слаби страни**

- Недостаток на спортска сала.
- Несоодветни наставници по одделни наставни предмети
- Кабинети

***ИДНИ АКТИВНОСТИ***

- Набавка на повеќе надгледни средства, стручна литература и лектирни изданија.

**Анализа на резултатите:**

Училиштето располага со адекватен број на простории, кои ги задоволуваат поребите на сите вработени и ученици за успешна реализација на воспитно-образовниот процес. Истите се комплетно опремени со потребниот инвентар.

Во однос на просторниот капацитет на училиштето му недостасува спортска сала и училишна библиотека.

Во училиштето има стручна литература, но таа е оскудна и секогаш има потреба од нови изданија. Истото се однесува и на лектирните изданија. Наставниот кадар е соодветно и стручно оспособен.

Постои меѓусебна поддршка меѓу професорите со поголемо и помало работно искуство. Училиштето им дава поддршка на професорите приравници со одредување ментор и помош во оспособувањето за извршување на сите задачи и обврски и подготовка за полагање на стручен испит.

За оценување на работата на професорите и за идентификување на нивните потреби за професионален развој се користат анализи на состојба, анкетирање на професорите, посета на час од страна на директор, педагог,психолог, советник, државен инспекторат, проценка на квалитетот на годишното, тематското и дневното планирање, целокупната ангажираност на професорот во училишниот живот и работа.

Кадарот во училиштето е со соодветна стручна квалификација, различен по пол, етничка припадност и различно работно искуство. Во училиштето има вкупно 17 вработени професори, еден директор, еден секретар, еден педагог,еден психолог, хаусмајстор и двајца

хигиеничари.

Педагогот и психологот  во училиштето исто така учествуваат во организирани обуки  ги реализираат програмските задачи и се отворени за секаков вид соработка како со вработените така и со учениците.

Финансиското работење во училиштето е уредно, се спроведува и контролира од надлежните органи и истите се информирани за буџетот и трошоците на училиштето преку финансиските планови и годишната сметка.

Одговорни наставници

- Алмина Имери – Професор по Филозофија

-Емилија Гаврилоска – Професор по Билогија

-Самет Абдули – Професор по Математика

**Прилог**

**ПОДРАЧЈЕ 6- РЕСУРСИ**

Инструмент за самоевалуација на училиштето

Почитувани ,

Пред Вас е прашалник кој се однесува на ресурсите со кои што располага училиштето ,,СОУ. Маврово- Ростуше,,.

(како просторни услови, наставни средства и помагала, компетентноста на вработените и финансиското работење на училиштето).

Анкетата се состои од тврдења кои се однесуваат на Ресурсите во нашето училиште.

Заокружете само по еден од понудените одговори кој го одразува вашиот став и мислење.

1. **Расположивите капацитети во училиштето максимално се користат од сите учесници во воспитно- образовниот процес со помош на јасен план и распоред.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

2. **Училиштето располага со аудио - визуелна ТЕХНОЛОГИЈА (компјутери,електронски табла и др.) со што им помага на учениците во совладување на наставниот материјал**.
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

3. **Во училиштето се применуваат нови техники, за интерактивен начин на работа.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

4. **Стручната служба им помага на наставниците при организација на наставниот процес и користи постапки за вреднување на работата на наставниците и учениците**

- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

5. **Набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на наставниците, учениците и др.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

6. **Сметам дека на училиштето му недостасува библиотека за потребите на учениците и наставниците со стручна литература, и лектирни изданија.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

7. **Просторните услови овозможуваат успешна реализација на наставата.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

8. **Недостатокот на спортска сала, има влијание врз успехот на учениците во совладување на содржините по предметот Спорт и спортски активности.**

- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

9. **При распределба на кадарот се зема во предвид квалитетите, искуството и стручноста на наставниците.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

10. **Стручната служба е отворена за соработка и успешно ви помага во следењето на вашиот успех, справување со проблемите и давање соодветна помош.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

11. **Училиштето има добиено донации од страна на надворешни фактори ( локална самоуправа, и др,).**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

12. **Новите вработени во училиштето добиваат одлична поддршка од своите ментори.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

13. **Училиштето има изготвен финансов план и средствата наменски се трошат за подобрување на условите во училиштето.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

**14. Училиштето нуди можност и соодветна поддршка во поглед на стручно напредување и усовршување на вработените.**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

**15. Сметам дека вработените во училиштето совесно и одговорно си ја извршуваат работата во училиштето?**
- се согласувам
- делумно се согласувам
- не се согласувам

**16. Според ВАШЕТО мислење, во поглед на ресурсите со кои располага училиштето најголем недостаток е:**
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

**Пол: а) Машки б) Женски**

**Ви благодариме!**

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

**Ниво на евалуација :**

| Бр. | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| **7.1** | Управување и раководење со училиштето |  Управување со училиштето<br> Раководење со училиштето |
| **7.2** | Цели и креирање на училиштата |  Јасност и соодветност на целите<br> Процедури за креирање на училишната политика |
| **7.3** | Развојно планирање |  Цели на развојното планирање<br> Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br> Инфраструктура |

**7.1 Управување и раководење со училиштето**

| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
|---|---|
| Закон за средно образование,<br>Годишна програма за работа на училиштето,<br>Деловник за работа на Училишниот одбор,<br>Статут на училиштето,<br>Записници,<br>одлуки, и извештаи од работата на училишниот одбор Интервју со Училишен одбор | Училишниот одбор ( УО ) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО работи согласно надлежностите утврдени во Законот за средно образование, Статутот на училиштето, Програмата за работа и деловникот за работа бр. 02-115/5 од 11.09.2015 година.<br>-Училишниот одбор се состанува, донесува одлуки и дава мислење за прашања кои согласно законските и подзаконските акти се во негова надлежност. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членовите на одборот и до сега нема случај на неодржување на седниците поради немање кворум за работа. Членовите се известуваат писмено, со покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно – образовниот процес и има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и други образовни структури. |
| Програма за работа на директорот,<br>Програма за професионален развој на директорот;<br>Интервјуа со наставниците, родителите и учениците<br>Записничка книга од состаноците на Училишен одбор и Наставнички совет, | Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржни гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Директорот добро раководи со училиштето и знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практита што постои во училиштето.Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаење и вештини, вклучувајќи и способност ефикасно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефикасна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на ученците и подобрувањето на училиштето. Директорот го заснова своето работење преку вклучување на вработените во процес на развој на политики.<br>Раководен тим соработува преку одржување состаноци и наставнички совет, а проблемите ги решаваат на наставнички совет или формирање комисии кои што одлучуваат. |

| | |
|---|---|
| | Одлуките што ги носи раководниот тим се во писмена форма, донесени од мнозинството членови присутни на состаноците, се евидентираат во Записничката книга од Наставнички и Одделенски совет, а потоа се истакнуваат на огласна табла, како би можеле вработените и родителите навремено да бидат информирани за прашањата што биле предмет на расправа. Одлуките кои се донесуваат по рагледување оглас за пополнување работни места се донесуваат по писмен пат, на домашна адреса, лично од лицата што конкурирале на огласот.<br>Раководниот орган е вклучен во составот на повеќе комисии во училиштето, преку постојано следење и анализа на случувањето на училиштето, ги издвојува приоритетните цели и задачи и истите ги вградува во Годишната програма за работа на училиштето. Раководниот орган своето работење го заснова на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на планирањето и обезбедувањето квалитет. |

| **7.2 Цели и креирање на училишната политика** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| Годишна програма за работа на училиштето за уч 2023/24 г. Развоен план на училиштето, Акциони планови, Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници родители ученици, Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ;<br>Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација | Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијита и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Во Програмата за развој на училиштето изработена за период 2021 – 2025 година ( заведена под бр 02-179/2 од 17.12.2020 г.) тие се јасни и прецизно дефинирани и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и зголемување на постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците учесвуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница ) да работат |

| | |
|---|---|
| | на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. |
| Годишна програма за работа на училиштето за уч 2023/2024 г<br>**Развоен план на** училиштето | Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. |

**7.3 Развојно планирање**

**Ниво на евалуација - многу добро**

| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето за уч 2023/24 г.<br>Развоен план на училиштето | Училиштето има изработено План за развој со јасно дефинирани приоритети кои успешно се реализираат според предвидена динамика. |
| | Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има изготвено програма за стручно усовршување на вработените, вклучувајќи и обуки за работа со ученици со ПОП ( посебни образовни потреби ). Раководниот кадар перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, од Бирото за развој на образованието и секторот за средно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства за обуки за наставниот и ненаставниот кадар.<br><br>Во согласност со своите финансиски можности училиштето овозможува вклучување на наставниците во следење на планираните обуки и за таа цел училиштето има изработено План и Програма за професионален развој на наставниот кадар . Во училиштето има воспоставено систем на внатрешна обука ( дисеминација) и пренесување на стекнатите знаења и континуирано ја следи неговата примена.<br><br>Континуирано во текот на учебните години се реализираат обуки и семинари |

| | |
|---|---|
| | во организација на Бирото за развој на образованието за директорот, стручната служба, наставниците како и за останатиот административен кадар, со што се стекнуваа нови знаења во доменот на воспитно – образовниот процес. |
| Увид во опремата | Материјално – техничките средства со кои располага училиштето се функционални и оптимално се користат. Се работи на идинтификување на потребите за нивно обезбедување.<br><br>Извршени се набавки на LCD – проектори, ЦД – плеери, DVD – камерии DVD плеер за потребите на наставата, електронски табли и лаптоп комијутери за сите професори.<br><br>Библиотечниот фонд е значително зголемен, како со литературни изданија, така и со стручна литература за наставниците. |
| Увид во инфраструктурата, Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори | - Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето, покрај средства за блок – дотациите, обезбедува и сопствени средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Училиштето има воспоставено добра соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Со реализацијата на сите проекти, семинари, зафати, училиштето ја остварува својата мисија, која всушност е и целта на неговото постоење . |

Работна група:

1.Исмет Абдули – Директор
2.Авмет Салију – Секретар
3.Јасмина Нанковска – Психолог